ОКТА

# Информација во врска со порастот на цената на акциите

8-ми Март, 2018

Почитувани,

Врз основа на Договорот за Котација помеѓу Македонска Берза и ОКТА АД – Скопје потпишан на 03/07/2013, а во врска со порастот на цената на тргување на акциите на ОКТА АД – Скопје во текот на месец Март, 2018 година, би сакале да го истакнеме следното:

Според член 35 точка 2 од Правилата за Котација на Македонска Берза, на 28/02/2018 година ОКТА АД – Скопје објави финансиски резултати реализирани во фискалната 2017 година, како и Соопштение за остварените значајни финансиски резултати кое информира за оперативната и финансиска ефикасност на компанијата.

Истовремено, според член 34 алинеја 7 од Правилата за Котација на Македонска Берза, информираме дека ниту еден член на Одборот на Директори на ОКТА АД – Скопје нема купувано/продавано акции.

Со оглед на горенаведеното, ОКТА АД – Скопје нема никакви дополнителни ценовно чувствителни информации што произлегуваат од Правилата за котација кои би влијаеле на било каков начин на цената на акцијата на ОКТА АД – Скопје.

**За повеќе информации:**
Александар Капетановски, ОКТА односи со инвеститори, AKapetanovski@helpe.gr
Марија Ставрева, Комуникации и ООП, M.T.Stavreva@helpe.gr